# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**31.07.2013 год.** **Бр.IV**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на четвртата седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 30.07.2013 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на четвртата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 30.07.2013 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-628/1 од 30.07.2013 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на четвртата седница, одржана на 30.07.2013 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од третата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 12.06.2013 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.07- 609/3 од 30.07.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Согласно член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ”бр.51/2005, 137/2007, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55од 2013 год), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.07.2013 год. донесе:

**О Д Л У К А**
***за донесување на Генерален Урбанистички План за град Крушево Општина Крушево***

**Член 1**

Се донесува ***Генерален Урбанистички План за град Крушево*** плански период 2012-2022 со тех. Број B0512 изготвен од "АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ " - Скопје

**Член 2**

***Генерален Урбанистички План за град Крушево*** ќе биде заверен од страна на Претседателот на Совет на Општина Крушево.

**Член 3**

За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Одделението за урбанизам, комунaлн и работи и заштита на животната средина при Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 609/4 од 30.07.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( „ Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 , 53/11, 144/2012 и 55 од 2013 година. ), член 22 , став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл.

Весник на РМ.. бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево,("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 30.07.2013 година ја донесе следната

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013 година бр.07-20/9 од 09.01.2013 година, се дополнува во точка 2 со став 2.15, 2.16, 2.17, и во точка 4 со став 4.3 и 4.4 и гласаи:

**2.15. Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на резервоар на дел од КП бр 49 КО Белушино.**

Границите на урбаниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Локална урбанистичка планска документација за дел од катастарската парцела КП БР. 49 КО Белушино прикажани се во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

**2.16. Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на резервоар на дел од КП бр 1164 КО Борино.**

Границите на урбаниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Локална урбанистичка планска документација за дел од катастарската парцела КП БР.1164 КО Борино. прикажани се во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

**2.17. Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на резервоар на дел од КП бр 627/1 КО Јакреново.**

Границите на урбаниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Локална урбанистичка планска документација за дел од катастарската парцела КП БР. 627/1 КО Јакреново. прикажани се во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

**4.3.Урбанистички план за вон населено место " Опаленик".**

За индустриската зона "Опаленик" и "Сува Река" донесен е Детален урбанистички план со одлука Бр. 08-332/1 од 04.10.1990 год. Законскиот рок на важноста на истиот е поминат, а покрај другото степенот на обработка на планот нема параметри на Детален урбанистички план .

Оваа индустриска зона е надвор од опфатот на Генералниот урбанистички план на гр. Крушево, поради што потребно е да се изработи урбанистички план вон населено место за дел од индустриската зона. Границите на урбаниот опфат се прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

**4.4.Урбанистички план за вон населено место за уредување на локалитетот " Мечкин Камен " .**

Границите на урбаниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Урбанистички план за вон населено место за уредување на локалитетот " Мечкин Камен " се прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

2.Ова дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2012 година, бр.07-20/9 од 09.01.2013 година.

**Бр.07- 609/7 од 30.07.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на Р.М." бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/07), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.07.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на територијата на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа во траење најмногу до три дена за одредени туристички, културни и друг вид манифестации.

**Член 3**

Продолжувањето на работното време на угостителските објекти од член 2 на оваа Одлука ќе биде:

- 31.07.2013 година, во рамките на манифестацијата „Крушево Етно град” 2013 година;
- 01, 02 и 03.08.2013 година во рамките на манифестацијата „Десет Дена Крушевска Република”.
- 04.08.2013 година во рамките на Параглајдинг натпреварување „Украина Опен”.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07- 609/8 од 30.07.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-572/1 од 08.07.2013 година од Храм „Пресвета Богородица” Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.07.2013 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 20.000,00 (дваесет илјади)** денари по барање бр.07-572/1 од 08.07.2013 година од Храм Пресвета Богородица Крушево.

2. Средствата да бидат исплатени на жиро сметка бр.240200361060306, депонент УНИ Банка Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.07- 609/9 од 30.07.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр. 07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-611 од 24.07.2013 година од Младински Актив с.Бучин-Кенеди Србиноски, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.07.2013 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 21.000,00 (дваесет и една илјади)** денари по барање бр.07-611/1 од 24.07.2013 година од Младински Актив с.Бучин-Кенеди Србиноски.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциона сметка бр.200001944155957, депонент Стопанска Банка Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.07- 609/10 од 30.07.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на четвртата седница на Советот на Општина Крушево ........................................................ 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од третата седница на Советот на Општина Крушев........................................................... 1
3. Одлука за донесување на ГУП за град Крушево-Општина Крушево .......................... 1
4. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крушево за 2013 година ..................................................... 2
5. Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крушево за 2013 година .................. 2
6. Дополнување на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013 година ................................... 2
7. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ................................ 2
8. Решение за исплата на финансиски средства по барање на Храм Пресвета Богородица – Крушево ............................................................ 3
9.Решение за исплата на Финансиски средства по барање на Младински Актив с.Бучин ....... 3

Редакциски одбор на Општина Крушево.